Врз основа на член 4 и член 20 од Законот за гробишта и погребални услуги Сл. Весник на Р.М. бр.86/08 се објавува Јавен повик за пријавување на правни субјекти за вршење на погребални услуги на територијата на општина Кратово.

Ј.П. за комунални дејности и инфраструктура „Кратово“
Бр. 03-81/1
06.02 2024 год.
Кратово

# ЈАВЕН ПОВИК

За оператори за давање на погребални услуги

Погребалните услуги ги вршат правни лица кои имаат добиено дозвола за вршење на погребални услуги (во натамошниот текст: оператор на погребални услуги). и кое има склучено договор за вршење на погребални услуги со управителот на гробиштата

За пристап и користење на гробиштата и на придружните објекти на гробиштата , управителот на гробиштата склучува договор со операторите на погребалните услуги и каменорезачите.

Лицата кои имаат добиено дозвола за вршење на погребални услуги издадена од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи, поднесуваат барање до управителот на гробиштата за склучување на договорот.

Управителот на гробиштата, во рок од пет работни дена од денот на поднесувањето на барањето од задолжително склучуваат договор за вршење на погребални услуги со лице кое има добиено дозвола за вршење на погребални услуги издадена од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи.

Договорот задолжително содржи одредба со која операторите се обврзуваат да вршат погребални услуги на подрачјето на општина, за период додека е во важност издадената дозвола за вршење на погребални услуги.

Договорот може да се продолжи со поднесување на барање за негово продолжување во рок од еден месец пред истекот на договорот доколку приложат нова дозвола за вршење на погребални услуги односно продолжат да ги исполнуваат условите за вршење на погребални услуги согласно одредбите на овој закон.

По исклучок, доколку до управителот на гробишта нема поднесено ниту едно барање за склучување на договор за вршење на погребални услуги на подрачјето на општината, во тој случај се до склучувањето на договор со оператор, вршењето на погребалните услуги го обезбедува општината,преку управителот на гробиштата, на начин пропишан со овој закон и со склучување на договор од став (3) на овој член. Договорот задолжително содржи одредба дека управителот на гробиштата ќе ги врши погребалните услуги до склучување на договор за погребални услуги со оператор за вршење на погребални услуги.

## 2. Дозвола за вршење на погребални услуги

### Член 21

1) Физичко или правно лице за да добие дозвола за вршење на погребални услуги, мора да ги исполнува следните услови:
1. да има живеалиште, односно седиште во Република Македонија ;
2. да е регистрирано во Централниот регистар на Република Македонија за вршење на дејност на погребални и придружни активности;
3. да не е поведена стечајна постапка или постапка за ликвидација;
4. одговорното лице или член на органот на управување на правното лице, односно физичкото лице да не е правосилно осудено за кривично дело во јавните

финансии, платниот промет и стопанството или кривични дела против работните односи, додека траат последиците од пресудата или да не му е изречена прекршочна санкција забрана на вршење на дејноста во траење од една или повеќе години;
5. финансиски да е способно, односно своите сегашни и идни обврски, под нормални услови за работење да може да ги исполнува во период од 12 месеци што се докажува со документ за економска и финансиска способност издаден од Централниот регистар на Република Македонија;
6. да е осигурен во осигурително друштво и да приложи писмен доказ за способноста за надоместување на евентуална штета настаната по однос на одговорноста во вршењето на неговата дејност во согласност со закон;
7. да има најмалку три вработени лица со соодветно образование, да поседува соодветна техничка опрема и да ги исполнува минималните здравствено - санитарни услови за вршење на дејноста и
8. да не поседува дозвола за управување со гробишта.

2) Соодветното образование, техничката опрема и минималните здравствено - санитарни услови за вршење на дејноста, од ставот 1 точка 7 на овој член поблиску ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи во согласност со министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на здравството.

3) Дозволата од ставот 1 на овој член ја издава органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи со рок на важење од пет години, со можност за нејзино продолжување, на секои пет години, доколку управителот на гробиштата ги исполнува условите пропишани со овој закон. Барањето за продолжување се поднесува шест месеци пред истекот на рокот на важење на дозволата.

4) Операторот на погребални услуги мора во секое време да ги исполнува условите од ставот 1 на овој член, во спротивно неисполнувањето на било кој од условите на ставот 1 на овој член, претставува основ за одземање на дозволата за вршење на погребални услуги.

5) За издадените дозволи за вршење на погребални услуги органот на државната управа од ставот 3 на овој член води регистар, кој постојано се ажурира и се објавува на неговата веб страна.

6) Формата и содржината на образецот на барањето, формата и содржината на образецот на дозволата за вршење на погребални услуги, начинот на издавање и одземање на дозволата, како и формата и содржината на регистарот за издадени дозволи за вршење на погребални услуги ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на комуналните работи.

Одделение за управување на гробишта
и одржување на инфраструктура
Раководител
Рате Јовановски

Јавно претпријатие за комунални дејности
и инфраструктура Кратово-Кратово
Директор
Златко Стојановски